МРТ

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје
**www.mrt.com.mk**

Врз основа член 132 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл. Весник на РМ бр.184/13, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 132/2017) и член 66 став 1 алинеја 10 од Статутот на ЈРП МРТ бр.01-765/1 од 30.01.2015, Директорот на МРТ ја донесе следнава;

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 02-7389/2
05.01.2018 год
СКОПЈЕ

## ОДЛУКА

За поништување на Интерен оглас за именување работник
со посебни овластувања и одговорности бр.02-7389/1 од 25.12.2017година

1. Со оваа Одлука се поништува Интерениот оглас за именување работник со посебни овластувања и одговорности - Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ бр.02-7389/1 од 25.12.2017 година.

2. Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Во Јавниот радиодифузен сервис Македонска радио телевизија објавен е Интерен оглас за именување работник со посебни овластувања и одговорности – Одговорен уредник на Прв програмски сервис на МТВ бр.02-7389/1 од 25.12.2017 година.

Со оглед на тоа дека Интерениот оглас за именување работник со посебни овластувања и одговорности бр.02-7389/1 од 25.12.2017година е објавен минатата фискална година (2017), а Јавниот радиодифузен сервис Македонска радиотелевизија сеуште нема добиено мислење од Министерството за Информатичко општество и администрација, согласност од Секретријатот за спроведување на Рамковен договор и согласност од Министерството за финансии за годишниот план за вработувања и планирани движења на кадарот за 2018 година, не постојат услови за спроведување на постапка по објавениот интерен оглас и од тие причини се донесе Одлука како во диспозитивот.

Директор на МРТ
Марјан Цветковски

Изготвил:Д.Антовски
Одобрил:Г.Атанасов